АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 26.11.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 4332/1 | | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 2 ноември 2020 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 26 ноември 2020 година

5. **Предмет на надзорот:**

   **- Член 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
   (3) Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

6. **Претходно изречена мерка:**
   *На 11 септември 2020 година, за непочитување на член 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за преземање мерка – јавна опомена (Уп1 бр. 03-323 од 11.09.2020 година) на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје.*
   *Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот во рок од 30 дена од денот на приемот на решението (11.09.2020г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 ноември 2020 година, на регионално ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена, односно ја отстранил извршената повреда на член 92 став 3** од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***